**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**СОВЕТ ЗА БОРБА ПРОТИВ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ**
**УПРАВА ЗА ФИНАНСИСКО РАЗУЗНАВАЊЕ**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА НАЦИОНАЛНА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИТЕ ОД ФИНАНСИРАЊЕ НА ОРУЖЈЕ ЗА МАСОВНО УНИШТУВАЊЕ

**септември, 2025 година**

**КРАТЕНКИ**

**НРА- Национална проценка на ризикот од перење пари, финансирање на тероризам, финансирање на оружје за масовно уништување и други поврзани ризици**
**ФАТФ- Оперативната Група за определување на дејствија за спречување перење пари и финансирање на тероризам**
**ЕУ- Европска Унија**
**ООН/ ОН- Организација на Обединети Нации**
**РСМ- Република Северна Македонија**
**КЗ- Кривичен Закон**
**ЗСППФТ- Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам**
**Moneyval Комитет- Комитет на експерти за евалуација на системите за псречување на перење пари и финансирање на тероризам при Советот на Европа**
**Советодавно тело- Совет за борба против ПП и ФТ**
**ПП- Перење пари**
**ФТ-финансирање на тероризам**
**СППФТ- Спречување перење пари и финансирање на тероризам**
**УФР- Управа за финансико разузнавање**
**НБРСМ- Народна банка на Република Северна Македонија**
**КХВ- Комисијата за хартии од вредност на Република Северна Македонија**
**ЦДХВ- Централиот депозитар за хартии од вредност**
**УЈП- Управа за јавни приходи**
**АСО- Агенција за супервизија на осигурување**
**МАПАС- Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување**
**МФ- Министерството за финансии**
**МВР- Министерството за внатрешни работи**
**ФИУ- Единица за финансиско разузнавање**
**ДНФБП- Нефинансиски дејности и професии**
**СТР- Извештај за сомнителна трансакција**
**ОЈООКК - Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција**
**ЦУ - Царинска управа**
**УФП - Управа за финансиска полиција**
**ЦР - Централен регистар**
**ДБКИ - Дирекција за безбедност на класифицирани информации**
**ЗКП - Закон за кривичната постапка**
**НВО- Граѓански организации и фондации**
**Санкциони листи- Листите на ЕУ, ОН и лица опфатени согласно Законот за рестриктивни мерки**
**АРО- Агенција за пронаоѓање на имот**
**МПП- меѓународна правна помош**
**АУОИ- Агенција за управување со одземен имот**
**ОМУ-оружје за масовно уништување**

**Брз трансфер на пари- еднократни прекугранични платежни трансакции врз основа на парични дознаки**

## ВОВЕД

РСМ го постави и го гради системот за СППФТ согласно меѓународните стандарди и најдобрите меѓународни практики, адекватно на утврдениот ризик.

За ефикасно управување со ризикот, ЗСППФТ дефинира обврска за спроведување НРА, која ефикасно се извршува од страна на надлежните институции. Во овој контекст подготвени се повеќе извештаи за спроведени национални проценки или стратешки анализи на начин што ги спроведуваат меѓународните стандарди на високо ниво на ефикасност. НРА од 2023 година[1] е најновиот циклус на НРА со кој истовремено се идентификуваат ризиците од ПП, ФТ, а за прв пат и заканите од финансирање на оружје за масовно уништување (пролиферација)[2].

Проценката на ризик од финансирање на оружје за масовно уништување (ОМУ) е стратешки документ кој претставува анализа на состојбата во државата со цел да се утврдат евентуални закани од ФП на ОМУ и да се детектираат одредени секторски или системски слабости преку кои истите закани би се реализирале. Крајната цел на проценката е преку благовремено утврдување на закани и слабости да се изврши соодветна алокација на ресурси, мерки и активности со цел превенирање, отстранување или намалување на утврдените закани и слабости.

РСМ не поседува и не развива ОМУ и не располага со значителни активни капацитети од хемиската индустрија, ниту постројки за нуклеарни истражувања или биолошки лаборатории за испитување на екстремно опасни патогени материи. Сепак, имајќи ја предвид геополитичката позиција на РСМ како крстосница во центарот на Балканскиот Полуостров каде минуваат важни европски транспортни коридори што ги поврзуваат земјите од Западна Европа со Блискиот Исток, Африка и Азија, постои потенцијална опасност овие коридори да бидат искористени од различни државни и недржавни актери за нелегална трговија и финансирање на нелегална трговија со ОМУ и стоки и технологии со двојна употреба кои можат да бидат злоупотребени за целите на развивање на ОМУ.Од тие причини намерата на државата е во континуитет да врши анализа на заканите и на ранливостите од ФП на ОМУ и националната проценка на ризик претставува јасна определеност на РСМ преку системска анализа на состојбата навремено да препознае одредени закани и слабости и преку превземање на соодветни мерки и активности да придонесе за нивно намалување.

Резултатот од спроведената НРА се заклучоците за претходно споменатите ризици, презентирани во посебни извештаи. Нивната цел е повеќекратна. Имено се користат за подготвување на Национална стратегија чии активности ќе влијаат на подобрување на националната регулатива, надминување на недостатоците на системот за СППФТ, дефинирање на активности кои треба да се применуваат во идентификуваните сектори со помал или поголем ризик, како и за алокација на ресурси согласно дефинираните приоритети. Дополнително, овој имаат своја употребна вредност

[1] Претходните процеси на НРА се извршени во 2016 и 2020 година, подготвените Извештаи се достапни на веб страната на УФР

[2] Исто така, направена е засилена анализа и посебен осврт е даден на ранлвоста од неформалната економија, игрите на среќа и градежниот сектор

и за субјектите за кои претставува рамка за спроведување на интерните проценки на ризик на ниво на клиент или субјект.

НРА е комплекс од активности, координирани од страна на Советодавното тело, а реализирани од работна група формирана од страна на директорот на УФР, како раководител на Советодавното тело[3]. Во овој процес покрај институциите вклучени во системот за СППФТ, вклучени се и претставници од приватниот сектор. За изработката на националната проценка на ризик од ФП формирана е работна група која е составена од претставници на институциите кои се инволвирани во справување со оваа проблематика и тоа: УФР, МНР, МВР, МЕ, МО, ЦУ, АНБ и АР. Покрај учеството на државни институции за изработката на проценката на ризик користени се податоци кои се обезбедени од субјектите и надзорните тела, како и анализа на релевантни меѓународни документи.

За утврдување на ризиците од ФП се користи методологијата на Институтот за одбранбени и безбедности студии (RUSI), како и Упатството за спроведување проценка на ризик од финансирање на ОМУ на ФАТФ.

Анализирани се податоци за период од пет години, односно од 01.01.2019 до 31.12.2023 година.

Следејќи ја методологијата, во процесот на НРА беа обезбедени податоци од различни извори и тоа: извештаи за работа на институциите, официјални статистики на институциите, податоци обезбедени по барање на работните групи, специјално подготвени сеопфатни прашалници, истражувања, анализи на меѓународни тела и институции[4], анализи на НВО секторот и др. Повеќегодишното професионално искуство, искуството во спроведувањето на НРА и водењето на други стратешки анализи на членовите на работната група, хетерогеноста во структуртa на работната група, обезбедената меѓуресорска консултација и мултидисциплинарен пристап се значајни фактори кои упатуваат на реална идентификација на потенцијалниот ризик и ризични фактори, преку утврдените закани и ранливост.

## РЕЗИМЕ ОД СПРОВЕДЕНА ПРОЦЕНКА НА РИЗИЦИТЕ ОД ФП

Сеопфатната анализа[5] укажува дека во **РСМ:**

**Ризикот од ФП е на ниско ниво.**

[3] Решение под бр. 03-2/13(24) од 13.02.2024 год и Решение бр 03-2/43(24) од 28.03.2024 год е формирана работната група составена од 10 различни подгрупи за: утврдување на заканите од перење пари; ранливоста на системот за спречување перење пари и финансирање на тероризам; ризикот од даночна политика и неформалната економија; ризиците од перење пари кај банкарскиот сектор; ризиците од перење пари кај сектор на хартии од вредност; ризиците од перење пари кај осигурителниот сектор; кај небанкарскиот финансиски сектор; кај нефинансиските дејности и професии; ризиците од финансирање на тероризам и ризиците од финансирање на оружје за масовно уништување (пролиферација).

[4] Вклучително и на ЕУ, Moneyval

[5] Период од 1 јануари 2019 година до 31 декември 2023 година

ДНРК и Иран – држави кои од Советот на безбедност на ОН се утврдени како држави кои неовластено развиваат програми за производство на оружје за масовно уништување (ОМУ). Врз основа на анализа на податоците и врз основа на методологијата од РУСИ, заканите од пролиферација и ФП во РСМ се проценети како ниски, а степенот на ранливост на системот за СПФ е утврден како средно низок.

Нивото на заканите од ФП го определуваат следните позначителни факти:

- географски РСМ е оддалечена од ДНРК и Иран;
- РСМ не е директно или индиректно изложена од ДНРК или нејзини државјани, поради тоа што РСМ нема трговски релации со ДНРК;
- РСМ е релативно ниско ниво на изложена кон Иран поради ниското ниво на дипломатски односи со Иран, малата трговска размена со Иран, претежно на стоки кои се за комерцијални употреби и кои не се наоѓаат на листите на стоки и технологии со двојна намена. Државјани на Иран се инволвирани во домашни правни лица, но најголем дел од истите се со мала финансиска активност, а правните лица кои имаат поголем обрт на средства се занимаваат со трговија на комерцијални стоки и за истите не постојат податоци дека се инволвирани во меѓународни шеми и типологии на избегнување на санкциите на ОН кои се воведени кон Иран;
-не постојат сознанија и податоци за инволвираност на недржавни актери во случаи на пролиферација и ФП;
-РСМ, физички и правни лица од РСМ, како и финансиски и нефинансиски институции од РСМ не се идентификувани во Извештаите на Панелот на експерти на ОН, како и во типологии и случаи на пролиферација и ФП на други релевантни меѓународни тела и др.

Ранливоста е на средно - ниското ниво врз основа на следните факти:

-постои конзистентност во политиките РСМ во однос на ставовите дека ФП претставува една од најголемите закани за светскиот мир и безбедноста и посветеност во донесувањето на мерки и легислатива во насока на намалување на нивото на ранливост на пролиферација и ФП;
-РСМ ги има потпишано и ратификувано најголемиот број на меѓународни документи кои се релевантни за пролиферација и ФП на ОМУ и на национално ниво има донесено закони кои се во насока на заштита и превенција од пролиферација и ФП;
- УФР има развиено рестриктивна веб страна на која се води и ажурира Консолидирана листа на лица кои се санкционирани од страна на ОН и ЕУ и преку истата веб страна субјектите навремено се информираат за секоја промена во листите;
-банките имаат развиено софистицирани софтерски решенија и процедури за препознавање на лица кои се наоѓаат на листите на лица кои се санкционирани;
- постои пониско ниво на свесност кај истражните органи, како и кај субјектите (што не е случај кај банките) за начините и шемите на избегнување на санкциите како и за навремено детектирање и превземање на соодветни мерки за трансакциите поврзани со трговија со стоки и технологии со двојна употреба.

## I. ЗАКАНИ ОД ФП

Согласно методологијата на RUSI проценката на ризикот од ФП на ОМУ е производ од процнка на заканите од пролиферација на ОМУ и проценка на ранливоста на РСМ во однос на ФП.

Во однос на заканите од ФП на ОМУ во предвид се земаат државните актери кои од страна на Советот за безбедност на ОН се дефинирани како држави кои неовластено развиваат програми за производство, ширење и употреба на ОМУ и спрема кои се воведени санкции како и недржавни актери кои имаат капацитет и потенцијал за развивање на вакви програми. Во изминатите години, Советот за безбедност на ОН усвои голем број на резолуции за воведување на санкции насочени кон нуклеарната програма на Демократска Народна Република Кореја (во понатамошниот текст ДНРК). Овие мерки вклучуваат финансиски санкции, транспортни санкции и контроли на извоз/увоз кои имаат за цел да го ограничат пристапот на ДНРК до виталните фондови и ресурси кои би можеле да придонесат за развивање на ОМУ. Советот за безбедност на ОН, исто така, има усвоено Резолуции за воведување на санкции насочени и кон Исламска Република Иран (во понатамошниот текст Иран) и нивната нуклеарна и балистичка ракетна програма. Дополнително како елементи на закани се анализирани и недржавни актери, изложеноста на РСМ како и вклученоста нафизички и правни лица од РСМ во меѓународни шеми на пролиферација и ФП како и шеми и типологии на избегнување на санкциите.

Во овој контекст како закани од пролиферација и ФП од аспект на државни актери се анализираат податоци кои ја покажуваат директната и индиректна изложеност на Р.С.М кон ДНРК и Иран а како недржавни актери ќе бидат анализирани лица и групи кои се поврзуваат со радикални и терористички активности како и организирани криминални групи како потенцијални чинители за пролиферација или ФП.

## I.1. Демократска Народна Република Кореја

### Меѓународен контекст и основ за примена на рестриктивни мерки кон ДНРК

ДНРК продолжува да претставува најсериозна глобална закана за развој на оружје за масовно уништување. Согласно анализите извршени од страна на ОН сите државни органи во ДНРК ги приоритизираат овие активности, почнувајќи од разузнавачките служби кои оперираат со софистицирани сајбер способности за хакирање на таргетирани приватни компании и влади па се до ДНРК дипломати кои што го користат нивното легално присуство во трети држави за да делуваат како странски банкарски претставници и генератори на приход за режимот. Извештајот на Експертскиот панел на ОН за 2021 година потврдува дека ДНРК останува посветена на користење на меѓународни банкарски врски за понатамошен развој на ОМУ. Извештајот од Септември 2021 година заклучи дека во активностите спроведени од ДНРК „нема забележителен пад" во нивниот пристап до глобалните финансиски институции[6]. Овој заклучок ги потврди наодите од извештајот издаден во Март 2021 година во кој е заклучено дека „ДНРК продолжува да има пристап до меѓународните финансиски системи (...). Нелегалните приходи генерирани од активности поврзани со избегнување на санкциите и нивното перење преку истите мрежи

[6] 1718 Sanctions Committee (DPRK) Panel of Experts, September 2021 Panel of Experts Report, p. 46, (Sep. 2021), https://undocs.org/S/2021/777 .

директно или индиректно ги подржува програмите за развој на ОМУ и ракетни системи на ДНРК"[7].

Со цел избегнување на меѓународните ретриктивни мерки ДНРК применува низа разработени мрежи и активности со кои успешно ги развива своите системи. Дел од тие мерки и активности се[8]:

- Широки меѓународни мрежи и агенти, вклучително и дипломати од ДНРК, кои можат да извршуваат трансакции во име на Владата;
- Користење на физички и правни лица од трети држави, од кои најголем дел свесно учествуваат во овие шеми или државите имаат сериозни пропусти во усогласеноста со меѓународните мерки кои овозможуваат искористување од мрежите за пролиферација на ДНРК;
- Прикривање на крајниот корисник на нивните купувања преку погрешно означување на стоката или консолидирање и препакување на пратки за крајна испорака до ДНРК, при што Кина останува најчесто користена локација за претовар преку нејзината копнена граница или преку пренос од брод на брод; и
- Набавка на стоки кои не се наведени на релевантните листи за контрола на извозот но, инаку би биле предмет на „catchall" контроли;

Од страна на FATF ДНРК е означена како држава на „црна листа" поради сериозни недостатоци во имплементирање на меѓународните стандарди за ПП, ФТ и ФП со што претставува сериозна закана за интегритет на меѓународниот финансиски систем. Во таа насока FATF повикува да се посвети посебно внимание на деловните односи и трансакции со ДНРК, вклучително и ДНРК, правни лица, финансиски институции како и оние кои дејствуваат во нивно име. Дополнително, за да се зајакне контролата, FATF ги повикува своите членови и сите јурисдикции да применуваат соодветни и ефикасни контра мерки и финансиски рестриктивни мерки во согласност со Резолуциите на Советот за безбедност на ОН за да ги заштитат своите финансиски системи од ризиците за ПП, ФТ и ФП кои ги предизвикуваат ДНРК. Сите држави треба да ги превземат неопходните мерки за затворање на постоечките филијали, подружници и претставништва на банките на ДНРК на нивните територии и да ги прекинат кореспондентските односи со банките на ДНРК, онаму каде што тоа го бараат релевантните резолуции на Советот за безбедност на ОН[9].

## Директна и индиректна изложеност на РСМ во однос на ДНРК

Во однос на директната изложеност на РСМ со ДНРК за целите на националната проценка на ризик вршена е анализа на податоци за дипломатските односи меѓу РСМ со ДНРК, трговската размена со ДНРК (увоз/извоз), анализа на податоци обезбедени од во РСМ, реализирани трансакции преку брз трансфер на пари, улогата на државјани на ДНРК како вистински сопственици во правни лица регистрирани во РСМ, податоци за влез/излез и физичка присутност на државјани на ДНРК на територијата на Р.С.М, како и инволвираност на државјани на ДНРК во оперативната и кривична евиденција на МВР.

[7] 1718 Sanctions Committee (DPRK) Panel of Experts, Final Report of the Panel of Experts submitted pursuant to resolution 2511 (2020), p. 51, (Mar. 2021), https://undocs.org/S/2021/211 .
[8] https://home.treasury.gov/system/files/136/2022-National-Proliferation-Financing-Risk-Assessment.pdf стр. 9
[9] https://www.fatf-gafi.org/en/publications/High-risk-and-other-monitored-jurisdictions/Call-for-action-february-2024.html

Севкупните дипломатски односи меѓу РСМ и ДНРК се специфични поради природата на ДНРК. Дипломатските односи се воспоставени на 02.11.1993 година под уставното име на Р.М. но меѓусебната соработка меѓу РСМ и ДНРК не го задоволува нивото на контакти со високи официјални лица во остварувањето билатерални посети. Корејската страна неколкупати досега има упатено покани за посета до МНР за посета на високи претставници на ДНРК на РСМ, но истите досега не се реализирани и поради тоа билатералната комуникација меѓу двете земји е сведена на минимум. ДНРК нема официјално претставништво во РСМ и нашата држава нема отворено официјални претставништва на територијата на ДНРК. Политиката на РСМ кон ДНРК е базирана врз обврските кои произлегуваат од нашето членство во ООН (правно-обврзувачкиот карактер на резолуциите на СБ на ОН кон ДНРК за сите членки на ОН), неопходноста од синхронизирање на нашите надворешно-политички ставови со ЗНБП (Заедничката надворешна безбедносна политика) на ЕУ, како и стратешкото партнерство со САД и членството на РСМ во НАТО.

Оттука, РСМ е должна да ги почитува и применува резолуциите на СБ на ОН за ДНРК и да известува до СБ/Комитетите за санкции по одделните резолуции за нивната примена. Воведените санкции се однесуваат на одделни лица и ентитети, забрани за користење/замрзнување на средства, рестриктивни мерки во делот на трговијата/извозот, набавките, можноста за работа на државјани на ДНКР во земјите на ЕУ итн. РСМ ги носи своите одлуки за рестриктивни мерки кон ДНРК врз основа на резолуциите на СБ на ОН за ДНРК: Рез. 1718 (2006), 1874 (2009), 2087 (2013), 2094 (2013), 2270 (2016), 2321 (2016), 2356 (2017), 2371 (2017), 2375 (2017) и 2397 (2017).

РСМ преку примена на Законот за меѓунарони рестриктивни мерки активно е вклучена во спречување на било какви финансиски активности на лица од ДНРК а кои се наоѓаат на санкционите листи на ОН.

Според податоци од електронската евиденција на МВР[10] во периодот 2019-2023 година на граничните премини на територијата на РСМ вкупно 15 лица со документи за идентификација од ДНРК оствариле влез на територијата на РСМ,а вкупно 7 лица оствариле излез од територијата на РСМ.

Табела - лица со документи за идентификација од ДНРК оствариле влез/ излез

| Година | Излез | Влез |
|---|---|---|
| 2019 | 5 | 5 |
| 2020 | / | 2 |
| 2021 | / | 1 |
| 2022 | / | 1 |
| 2023 | 2 | 6 |
| Вкупно | 7 | 15 |

Извор: МВР

Врз основа нaанализата на податоци за реализиран увоз/извоз преку Царинската Управа на РСМ во период од 01.01.2019-31.12.2023 година не се утврдени реализирани увози/извози од/кон ДНРК.

[10] Напомена: Согласно членовите 14,15,16,17 и 64 точка 1 од Законот за гранична контрола (Службен весник на Р.М. бр. 171 од 30.12.2010 година) и согласно европските стандарди и најдобри пракси сите лица и сите превозни средства кои ја преминуваaат државната граница не се евидентираат задолжително во електронските бази на податоци за остварен влез односно излез од територијата на лица со документи за идентификација од ДНРК оствариле влез

Преку банкарскиот сектор кон/од ДНРК не се реализирани приливи/одливи од физички и правни лица по ниту еден основ. Банките во РСМ во анализираниот период немаат воспоставено деловен однос со физички или правни лица кои имаат документи за идентификација издадени од ДНРК. Преку давателите на услугата брз трансфер на пари во РСМ не се реализирани трансакции од/кон физички лица во ДНРК.

Врз основа на анализаринте податоци од Регистарот на вистински сопственици, физички лица со документи за идентификација издадени од ДНРК не се појавуваат како вистински сопственици на правни лица регистрирани во РСМ. При тоа, едно правно лице е регистрирано како фондација-подружница на фондација регистрирана во ДНРК но, истото нема отворено банкарски сметки и нема остварено никаква финансиска активност на територијата на РСМ во анализираниот период.

Разузнавачките служби согласно своите законски надлежности активно работат на собирање на сознанија за нелегална трговија и транспорт на ОМУ, развој, набавки и производство на ОМУ и со нив поврзани технологии и материјали како и нивно финансирање преку територијата на РСМ како и во регионот. Исто така, превентивно се собираат информации за потенцијални ризици од несоодветно складирање и управување со радиоактивни и други опасни материјали како извори на неконвенционални закани. Од страна на разузнавачките служби не се третирани информации во кои се инволвирани лица од ДНРК а кои се поврзани со пролиферација или ФП и за такви случаи не се разменувани меѓународни информации со пријателски служби на други држави. Од страна на истражните органи не се добиени информации и оперативни сознанија кои се однесуваат на инволвираност на државјани на ДНРК во пролиферација на оружје за масовно уништување, при што по основ на истото не се регистрирани истраги и не се изготвени аналитички продукти.

Дополнително, во СТР-те доставени од субјектите задолжени за примена на мерки и дејствија за СПП, ФТ и ФП до УФР во целиот анализиран период не се доставени СТР за ФП поврзана со ДНРК, а УФР во своите анализи на дополнителни податоци нема утврдено случаи и сомневања за ФП поврзана со ДНРК.

Врз основа на анализа на податоците добиени од истражните органи утврдено е дека постојат одредени недоследности и пропусти и тоа:

- При евиденција на влез/излез на/од територијата на РСМ податоците кои ги евидентира Одделот за гранични работи и миграции при МВР се однесуваат на државјани евидентирани како државјани на Република Кореја. Во базата не се располага со податоци со кои би можело да се разграничи дали се државјани на ДНРК (Северна Кореја) или Јужна Кореја посебно, односно системски/информатички сите државјани на наведените две држави се заведуваат во една графичка/информатичка табела со назив државјани на Република Кореја;

- во ЦУ при евидентирањето на извоз/увоз на стоки утврдени се одредени технички пропусти односно, стоки кои се извезувани/увезувани кон/од Јужна Кореја се евидентирани како увози/извози кон/од ДНРК. Во сите царински декларации се работи за техничка грешка при пополнување на царинската декларација, односно шифрата во рубриката за земја на потекло, наместо кратенката KR за шифра на Земја на потекло KR - Кореја, е пополнета шифра KP – Кореја, Демократска Народна Република.

### *I.2.Исламска Република Иран*

***Меѓународен контекст и основ за примена на рестриктивни мерки кон Иран***

Главниот извор на загриженост за ширењето на нуклеарната програма на Иран беше изградбата на капацитети за збогатување ураниум со гасна центрифуга во Техеран. Ваквите капацитети поседуваат гасни центрифуги кои го збогатуваат ураниумот со вртење на гасниот ураниум хексафлуорид со големи брзини за да се зголеми концентрацијата на изотопот на ураниум. Таквите центрифуги можат да произведат и ниско збогатен ураниум (LEU), кој може да се користи во нуклеарните реактори и високо збогатениот ураниум (HEU), кој е еден од двата типа на фисилен материјал кој се користи во нуклеарното оружје. Високо збогатениот ураниум може да се користи и како гориво во одредени видови нуклеарни реактори. Иран, исто така, има капацитет за конверзија на ураниум, кој го претвора концентратот на руда на ураниум во неколку соединенија, вклучително и ураниум хексафлуорид.

Почнувајки од 2006 година Советот за Безбедност на ОН усвои шест резолуции кои се однесуваат на Иранската нуклеарна програма: Резолуциите 1696 (Јули 2006), 1737 (Декември 2006), 1747 (Март 2007), 1803 (Март 2008), 1835 (Септември 2008) и 1929 (уни 2010). Резолуциите наметнуваат различни рестрикции кои државите треба да ги спроведат, а кои се однесувват на Иран. Дополнително, резолуциите бараат од Техеран целосно да соработува со секоја тековна истрага на Меѓународната Агенција за Атомска Енергија (IAEA) за нејзините нуклеарни активности, да ги суспендира нејзините програми за збогатување на ураниум, да ги суспендира проектите за изградба на реактори на „тешка вода" и слични проекти како и откажување од било какви активности поврзани со изработка на ракети способни за пренос на нуклеарно оружје. Во 2015 година под покровителство на Обединетите Нации беше потпишан „Join Comprehensive Plan of Action (JCPOA)" согласно кој се контролира нуклеарната програма на Иран и согласно кој Иран се обврзува дека ќе се воздржи од градење на такви реактори на неодредено време и согласно кој договор се суспендираат сите резолуции и санкции кои се донесени кон Иран. Во 2018 година Соединетите Американски Држави истапуваат од учество во JCPOA и на сила враќаат санкции и рестрикции кои беа суспендирани поради договорот.

Од страна на FATF, Иран е означена како држава на „црна листа" поради сериозни недостатоци во имплементирање на меѓународните стандарди за спречување на ПП, ФТ и ФП. Во Јуни 2016 година FATF ја поздрави посветеноста на високото политичко раководство на Иран да ги решат нивните стратешки недостатоци за СППФТ и нивната одлука да бараат техничка помош при спроведување на Акцискиот план. Но, во февруари 2020 година ФАТФ нотираше дека Иран не успеал да ги спроведе активностите предвидени во Акцискиот план и постојат сериозни недостатоци кои не се целосно адресирани и во иднина треба да бидат имплементирани[11]. ФАТФ препорачува и ги повикува сите држави кон Иран да спроведуваат соодветни контра мерки кои ќе бидат ефикасни и соодветни со утврдениот ризик[12].

Во однос на примена на финансиски рестриктивни мерки Препораката 7 на ФАТФ препорачува секоја држава без одлагање да ги имплементира таргетираните финансиските санкции кои се усвоени од ОН, а кои се однесуваат на превенција, гонење и сузбивање на пролиферација на ОМУ како и неговото финансирање. Во однос на Иран таргетирани фианансиски санкиции на кои се

[11] (1) соодветни инкриминирање на финансирањето на тероризам, вклучително и со отстранувањето на ослободувањето на одредени групи „кои се обидуваат да стават крај на странската окупација, колонијализмот и расизмот" (2) идентификување и замрзнување на средства на терористи во согласност со релевантните резолуции на Советот за безбедост на Обединетите Нации, (3) обезбедување на соодветна и применлива политика на анализа на клиенти, (4) покажувајќи како властите ги идентификуваат и санкционираат нелиценцираните даватели на услуги за трансфер на пари/вредност, (5) ратификување и имплементирање на конвенцијата од Палермо и конвенциите за финансирање на тероризам и изјаснување на способноста за обезбедување на меѓународна правна помош, (6) осигурување дека финансиските институции верифицираат дека безготовинските трансфери содржат целосни податоци за испраќачот и крајниот корисник

[12]https://www.fatf-gafi.org/en/publications/High-risk-and-other-monitored-jurisdictions/Call-for-action-february-2024.html

однесува препораката е Резолуцијата 2231 (2015) со која се одобрува Заедничкиот сеопфатен акциски план (JCPOA).

**Директна и индиректна изложеност на РСМ во однос на Иран**

Во однос на директната изложеност на РСМсо Иран за целите на националната проценка на ризик вршена е анализа на податоци за дипломатските односи меѓу РСМ со Иран, трговска размена со Иран (увоз/извоз), анализа на податоци обезбедени од банките регистрирани и лиценцирани во РСМ, реализирани трансакции на брз трансфер на пари преку Агентите кои се даватели на услугата брз трансфер на пари, улогата на државјани на Иран како вистински сопственици во правни лица регистрирани во РСМ, податоци за влез/излез и физичка присутност на државјани на Иран на територијата на РСМ, како и инволвираност на државјани на Иран во оперативната и кривична евиденција на МВР.

РСМ има воспоставено дипломатски односи на амбасадорско ниво со Иран на 10 март 1995 година. Нашите билатерални односи со оваа земја се базираат и врз односот на меѓународната заедница, поточно РСМ се синхронизира со политиката и ставовите на ЕУ и на САД кон Иран и се придржува кон рестриктивните мерки воведени од ЕУ и санкциите содржани во резолуциите на СБ на ОН кон Иран.

Дипломатското присуство на Иран во РСМ варира во текот на годините. Во 2000 година Иран отвора своја амбасада во Скопје, што подоцна во 2003 година била ставена во мирување, заради реципроцитет, па повторно отворена во 2009 и повторно затворена во 2020 година. Во одредена мерка имаше придвижување во билатералните односи меѓу РСМ и Иран, по склучување на договорот меѓу П5+1 (Германија) со Иран  - JointComprehensivePlanofActionJCPOA) во јули 2015 година за значително ограничување на иранската нуклеарна програма (елиминирање на можноста Иран да развие технологија потребна за производство на нуклеарно оружје), компензирано со намалување на санкциите кон земјата. Во периодот меѓу 2015 до 2018 година беа реализирани средби меѓу претставници на двете држави, посета на МНР на Техеран во 2016 година, како и неколку политички консултации меѓу двете МНР.

РСМ во 2015 година го поздрави склучувањето на JCPOA и во тој контекст континуирано се усогласува со позициите и се придружува на изјавите на ЕУ во однос на иранската нуклеарна програма и обидите на ЕУ за опстојување на договорот, како инструмент за одржување на регионалниот и глобалниот мир и безбедност. РСМ се приклучува кон изјави на ЕУ и кон нивните рестриктивни мерки и санкциите на ОН во однос на кршењето на човековите права во Иран, кршење на правата на жените и одредбите на CEDAW за елиминирање на сите дискриминации кон жените, непочитување на слободата на изразување и суровото задушување на мирните собири и протести во Иран; нивното малигно влијание во регионот на Блискиот исток, преку поддршката што ја даваат на Хамас, Хезболах и Хутите. МНР изрази загриженост за нападите на Хутите врз пловила во Црвеното море и се приклучи кон осудата на партнерите за загрозувањето на навигацијата на оваа важна поморска рута.

РСМ како членка на Обединети нации задолжително ги спроведува одредбите од Резолуциите донесени од ОН и има воспоставено соодветен систем на препознавање на лицата кои се поврзани со Иран и кои се ставени на листите поврзани со ФП.

Според податоците за реализиран увоз/извоз од/кон Иран во период од 2019-2023 година регистрирани се вкупно 1096 увозни декларации како и 1062 извозни декларации (детален преглед на увозни/извозни декларации по години е прикажан воследните графички прикази).

Графички приказ - Број на увозни декларации од Иран




Извор: Царинска управа

Графички приказ - Број на извозни декларации кон Иран




Извор: Царинска управа

Во однос на стоките кои се увезуваат од Иран по извршена подетална анализа на декларациите е утврдено дека најголем број од нив се за увоз на прехранбени продукти (свежи и сужени овошје и зеленчук, јаткасти плодови, зачини) продукти за домаќинство и декоративни производи (чаши, тањири, стакло и сл.) базно масло, гранулати полистирене, полиетилен, електрика, делови за кола и сл.

Шематски приказ - Реализирани увози на стоки од Иран




Извор: Царинска управа на Р.С.М.

Во однос на стоките кои се извезуваат кон Иран по извршена подетална анализа на декларациите е утврдено дека најголем број од нив се за извоз на букова граѓа а останатиот дел се за извоз на употребувани возила, оловни акумулатори, делови за машини (лагери, лежишта) електрични прекинувачи и останато.

Ниту еден од производите кои се извезуваат кон Иран не се наоѓаат на листите на стоки и технологии со двојна употреба и до Комисијата за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба во анализираниот период не се поднесувани барања за дозволи за извоз на стоки и технологии со двојна употреба кон Иран.

Шематски приказ - Реализирани извози на стоки кон Иран




Извор: Царинска управа

Според податоците добиени од банкарскиот сектор во период од 2019-2023 година кон/од сметки отворени во банки во Иран не се реализирани трансакции по ниту еден основ. Во анализираниот период правни лица кои се регистрирани во Иран немаат воспоставено деловен однос со банки во РСМ, додека само 3 банки имаат воспоставено деловен однос со физички лица кои имаат документи за идентификација издадени од Иран. Лица со документи за идентификација издадени од Иран се појавуваат како овластени на сметки на 2 резидентни правни лица кои имаат воспоставено деловен однос со една банка во РСМ. Од клиентите со документи за идентификација издадени од Иран банките немаат детектирано клиент кој е високоризичен од аспект на ФП.

Според анализа на податоците од Агентите кои се даватели на услугата брз трансфер на пари, а кои се регистрирани и лиценцирани во РСМ. во периодот 2019-2023 година се реализирани следните трансакции на брз трансфер на пари:

- во 2020 година реализирана е една трансакција, од физичко лице од Иран кон физичко лице резидент на РСМ трансферирани се средства во износ од 919,10 ЕУР;
- во 2022 година реализирана е една трансакција, од физичко лице од Иран кон физичко лице резидент во РСМ трансферирани се средства во износ од 300,00 ЕУР;

Според податоци од електронската евиденција на МВР во периодот 2019-2023 година на граничните премини на територијата на РСМ вкупно 3.468 лица со документи за идентификација од Иран оствариле влез на територијата на РСМ, а вкупно 3.258 лица оствариле излез од територијата на РСМ[13].

Табела - Вкупен број на лица од Иран кои оствариле влез/излез во/од РСМ

| Година | Влез | Излез |
|---|---|---|
| 2019 | 564 | 519 |
| 2020 | 437 | 432 |
| 2021 | 1210 | 1132 |
| 2022 | 621 | 581 |
| 2023 | 636 | 594 |
| Вкупно | 3468 | 3258 |

Извор: МВР

Во истиот период од страна на Ирански државјани до МВР барани се дозволи за привремен престој како и барања за издавање на пасош на странец. Од страна на МВР на Ирански државјани не се издадени пасоши за странец, а се издадени вкупно 43 дозволи за привремен или постојан престој на ирански државјани. Најголем дел од дозволите се издавани по основ на вработување и семејно обединување.

Табела - Преглед на основи по кои се издавани дозволи за привремен престој на

ирански државјани

| **Причина за престој** | **Број на лица** | **Вид на престој** | **Година** |
|---|---|---|---|
| / | 0 | / | 2019 |
| / | 0 | / | 2020 |
| СЕМЕЈНО ОБЕДИНУВАЊЕ | 2 | Привремен престој | 2021 |
| ВРАБОТУВАЊЕ | 3 | Привремен престој | |
| ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО | 2 | Привремен престој | 2022 |
| ВРАБОТУВАЊЕ | 8 | Привремен престој | |
| ХУМАНИТАРНИ ПРИЧИНИ | 1 | Привремен престој | |
| СЕМЕЈНО ОБЕДИНУВАЊЕ | 3 | Привремен престој | |

[13]Напомена: Согласно членовите 14,15,16,17 и 64 точка 1 од Законот за гранична контрола (Службен весник на Р.М. бр. 171 од 30.12.2010 година) и согласно европските стандарди и најдобри пракси сите лица и сите превозни средства кои ја преминуваат државната граница не се евидентираат задолжително во електронските бази на податоци за остварен влез односно излез од територијата на РСМ.

| | | | |
|---|---|---|---|
| ВОЛОНТИРАЊЕ | 2 | Привремен престој | 2023 |
| ВРАБОТУВАЊЕ | 5 | Привремен престој | |
| ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО | 2 | Привремен престој | |
| ХУМАНИТАРНИ ПРИЧИНИ | 1 | Привремен престој | Моментална состојба на активни дозволи за престој |
| СЕМЕЈНО ОБЕДИНУВАЊЕ | 3 | Привремен престој | |
| СТУДИРАЊЕ | 2 | Привремен престој | |
| ВОЛОНТИРАЊЕ | 3 | Привремен престој | |
| ВРАБОТУВАЊЕ | 4 | Привремен престој | |
| ЧЛЕН НА СЕМЕЈСТВО | 2 | Привремен престој | |

Извор: МВР

Врз основа на анализа на податоци од Централниот регистар на РСМ во периодод 2019-2023 година се регистрирани вкупно 25 правни лица во кои како сопственици се јавуваат физички лица содокументи за идентификација кои се издадени од надлежните органи во Иран. Дел од правните лица се активни во целиот период на анализа, дел се ликвидирани, а дел се во стечајна постапка.

Табела - Вкупен број на правни лица по години во кои ирански државјани сепојавуваат како вистински сопственици

| Година | Бр. на правни лица |
|---|---|
| 2019 | 18 |
| 2020 | 18 |
| 2021 | 19 |
| 2022 | 18 |
| 2023 | 19 |

Извор: ЦРМ

Според завршните сметки кои се поднесувани од правните лица до ЦРМ најголем дел од нив, 15 правни лица, немаат никакви финансиски активности во анализираниот период, 5 правни лица имаат пријавувани незначителни финансиски активности (годишни приливи/одливи во вкупни износи под 50.000,00 ЕУР), а само 5 правни лица имаат значителни годишни обрти (во износи над 50.000,00 ЕУР). Правните лица кои се со значителен годишен обрт имаат основна дејност „Трговија на мало и големо", и од истите само 2 правни лица имаат вршено увоз од други држави, меѓу кои и од Иран, но предмет на увози се производи кои се за комерцијална употреба. Ниту едно од правните лица не се занимава со производство, трговија или брокеринг на стоки и технологии со двојна употреба.

Разузнавачките служби согласно своите законски надлежности активно работат на собирање на сознанија за нелегална трговија и транспорт на ОМУ, развој, набавки и производство на ОМУ и со нив поврзани технологии и материјали, како и нивно финансирање преку територијата на РСМ, како и во регионот. Исто така, превентивно се собираат информации за потенцијални ризици од несоодветно складирање и управување со радиоактивни и други опасни материјали како извори на неконвенционални закани. Од страна на разузнавачките служби не се третирани информации

во кои се инволвирани лица од Иран, а кои се поврзани со пролиферација или ФП и за такви случаи не се разменувани меѓународни информации со пријателски служби на други држави. Од страна на истражните органи не се добиени информации и оперативни сознанија кои се однесуваат на инволвираност на државјани на Иран во пролиферација на оружје за масовно уништување, при што по основ на истото не се регистрирани истраги и не се изготвени аналитички продукти. Во анализираниот период кон државјани од Иран од страна на МВР поднесени се вкупно 3 кривични пријави за сторено кривично дело „Фалсификување исправа" казниво по член 378 од КЗ.

Дополнително, во СТР доставени од субјектите задолжени за примена на мерки и дествија за СППФТ и ФП до УФР не се доставени СТР за ФП поврзана со Иран и УФР во своите анализи на дополнителни податоци нема утврдено случаи и сомневања за ФП поврзана со Иран.

**Недржавни актери како закана и вклученост на државјани на РСМ во меѓународни шеми на ФП**

Пролиферацијата на ОМУ и стоките и технологиите за двојна употребапретставуваат сериозен безбедносен предизвик, како и ризик за меѓународниот мир и безбедност. Во услови на глобален техничко - технолошки развои и сложени трговски процеси, постои зголемен ризик недржавните актери (лица и групи кои се поврзуваат со криминални, радикални и терористички активности) да се вклучат во пролиферација или ФП. Ваквата опасност бара адекватен одговор со зајакнување на механизмите за контрола на извозот, согласно меѓународните норми и стандарди. Под постојан безбедносен увид на разузнавачките служби се поединците и криминалните групи кои се занимаваат со криумчарење на оружје, дрога, акцизна стока поради опасноста воспоставените илегални канали да се искористат и за пролиферација на ОМУ и стоките и технологии за двојна употреба. Определени припадници на верски радикални групи инволвирани во криминални активности се предмет на посебен оперативен интерес поради нивните регионални и меѓународни конекции со верски радикални лица и групи и нивното евентуално искористување за активности повзани со пролиферација на ОМУ и негово финансирање. Не може во целост да се исклучи и можноста правните субекти кои се занимаваат со трговија на воено оружје и воена опрема, заради остварување т.н. нелегален профит, во одреден момент да се искористат за надворешна трговија на стоки и технологии за двојна употреба. Во тој контекст се и безбедносните проверки кои разузнавачките служби ги вршат на одговорните лица во правните субекти кои се занимаваат со развој, производство и промет на воени стоки. Согласно законските прописи, АНБ со свои претставници членува во владина комисија за разгледување барања за добивање дозвола за вршење развој, производство и промет на воени стоки, каде членуваат и претставници на други надлежни институции.

Заложбите на разузнавачките служби и натаму ке бидат во насока на следење и документираье на податоци и информации со цел превенирање на пролиферација на ОМУ и ХБРН материали со цел заштита на националната и меѓународната безбедност. Во периодот 2019-2023 во РСМ не се детектирани можни ризици од пролиферација на оружје за масовно уништување, како и останати ризици по здравјето на луѓето и животната средина ниту од државни, ниту од недржавни актери.

Во рамките на Советот за безбедност на ОН е формиран посебен Панел на Експерти кој во континуитет врши анализа на состојбите со пролиферација на ОМУ, како и ФП и своите заклучоци

ги презентираат во периодични Извештаи кои се јавно достапни. При анализа на Извештаите кои се објавени од страна на Панел на Експери не се пронајдени податоци за инволвираност на РСМ како држава, како и на физички и правни лица од РСМ во случаи и меѓународни шеми за ширење и ФП како и во шеми на избегнување на санкциите кои од страна на ОН се воведени кон држави и недржавни актери кои шират и ФП.

## II.РАНЛИВОСТ НА РСМ

### II.1 Меѓународна рамка за спречување пролиферација и ФП

Досегашните политики на владите на РСМ се конзистентни во однос на ставовите дека пролиферацијта на ОМУ претставува една од најголемите закани за светскиот мир и безбедноста воопшто, што бара сеопфатен одговор, како на нацинално ниво така и во соработка со меѓународната заедница. Заштитата од пролиферацијата на ОМУ е должност на секоја земја одделно како дел од сеопфатните обврски да обезбеди услови за мирен и безбеден живот на сопствените граѓани. РСМ ги интегрира принципите и целите за непролиферација и ФП во сопствените политички, дипломатски и економски активности.

РСМ е одговорен член на ОН, придонесувајќи за фундаменталните принципи за мир, стабилност и безбедност во светот, земја кандидат за членство во ЕУ, со што ги прифаќа принципите на мултилатеризам и меѓународна соработка подвлечени во Стратегијата на ЕУ против пролиферацијата на ОМУ и членка на НАТО и во тој контекст ја споделува позицијата на НАТО во однос на пролиферацијата на ОМУ, како една од најголемите безбедносни закани.

РСМ ги има потпишано и ратификувано најголемиот број на меѓународни документи кои се релевантни за пролиферација и ФП и тоа:

- Договор за неширење на нуклеарно оружје, Њујорк 12.06.1968,
- Сеопфатен договор за забрана на нуклеарни проби, Њујорк, 10.09.1996,
- Конвенција за забрана за развивање, производство, складирање и употреба на хемиско оружја и нивно уништување , Женева, 03.09.1992,
- Конвенција за забрана за развивање, производство и складирање на бактериолошко (биолошко) и токсични оружја и нивно уништување, Лондон, Москва и Вашингтон, 10.04.1972,
- Конвенција за спречување на актите на нуклеарен тероризам, Њујорк,13.04.2005,
- Конвенција за физичка заштита на нуклеарни материјали, Виена 26.10.1979,
- Конвенција за нуклеарна безбедност, Виена 08.07.2005,
- Дополнителен протокол кон Спогодбата меѓу Република Македонија и Меѓународната агенција за атомска енергија за примена на гаранциите во врска со Договорот за неширење на нуклеарното оружје, усвоен од бордот на директори на ИАЕА во мај 1997,
- Хашки кодекс на однесување против пролиферација на балистички проектили; Анекс за режимот на контрола на ракетната технологија, како и сродната опрема, софтвер и технологија;
- Препораки за релевантни трансфери на чувствителни проектили,

- Иницијатива за безбедносна пролиферација,
- Глобална иницијатива за борба против нуклеарниот тероризам,
- Базелска конвенција за прекуграничен пренос на опасни материи и нивно складирање, Базел, 22.03.1989,
- Стокхолмска конвенција за перзистентни органски загадувачи,Стокхолм, 22.05.2001,
- Минамата Конвенција (потписник) и
- Имплементација на 40 те препораки на FATF.

РСМ е членка на клучните меѓународни и регионални организации како што се ОН, ОБСЕ, Меѓународната агенција за атомска енергија (IAEA), Организацијата за забрана на хемиски оружја (OPCW), Светската здравствена организација (WHO), ЕГМОНТ групацијата, Механизмот за цивилна заштита на ЕУ преку потпишување на Меморандум за разбирање со Европската комисија и други, што меѓу другото дејствуваат и на планот на непролиферацијата и ФП и заштитата од ХБРН ризици и закани. РСМ е посветена да стане полноправна членка и во останатите релевантни меѓународни инструменти како што се Васенар Аранжманот (WassenaarArrangement) и Австралиската Група (AustralianGroup).

Во однос на спречување на недржавни актери да се вклучат во пролиферација и ФП, РСМ дава значаен придонес и кон меѓународните напори за борба против тероризмот и учествува во глобалната коалиција против тероризмот. РСМ е членка на сите главни меѓународни договори против тероризмот донесени во рамките на ОН и го поддржа процесот за усвојување на Резолуција на ОН за Глобална стратегија за борба против тероризмот, особено четирите столба што се однесуваат на справување со условите што се причина за појава на тероризмот, превенција и борба против тероризмот, градење на капацитетите на земјите и зајакнување на улогата на ОН, како и обезбедување на почитување на човековите права и владеење на правото. Исто така, РСМ го поддржува и Планот за акција на Генералниот секретар на ОН за спречување на насилниот екстремизам и се приклучува кон посветеноста на меѓународната заедница за зголемување на соработката во борбата против тероризмот и екстремизмот како едни од најсериозните закани за меѓународниот мир и безбедност и посочува на потребата за преземање мерки за намалување на опасноста од можноста државните актери да набават, развијат, употребат или да тргуваат со нуклеарно, хемиско, радиолошко или биолошко оружје и средства кои овозможуваат користење на истото оружје и штетни материјали за терористички цели.

### II.2.Национална правна рамка

Превенцијата од пролиферацијата на ОМУ и ХБРН материјали преку територијата на РСМ е од критично значење за земјата, регионот, како и стабилноста и безбедноста на земјите од регионот, европските земји, ЕУ и пошироко. Во процесот, од клучно значење е соработката со земјите кои се непосредни соседи на РСМ. Соседните земји не произведуваат ОМУ и ги имаат потпишано главните меѓународни инструменти за непролиферација на ОМУ.

Терминот "оружје за масовно уништување" подразбира хемиски, биолошки и нуклеарни оружја чија употреба може да предизвика значителна штета на голем број на луѓе, материјални добра и животната средина. Терминот "пролиферација на ОМУ" подразбира нелегална трговија и транзит

на ОМУ низ територијата на РСМ, како и развој, набавка, производство на ОМУ и со нив поврзани технологии и материјали.

ФП единствено е дефинирано во ЗСППФТ. Пролиферацијата на ОМУ како и ФП не се инкриминирани како посебни кривични дела во КЗ. Ширењето и користењето на ОМУ во КЗ се инкриминирани единствено во контекст на дејствија поврзани со загадување на животната средина и природа преку член 231, дејствија извршени во војна, преку член 407-б од КЗ и во контекст на дејствија извршени заради терористички активности, член 394 – а и член 394 – б. ФП исто така е инкриминирано единствено во контекст на кривичното дело финансирање на тероризам по член 394 – в. Согласно член 118 од Уставот на Република Северна Македонија, меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон. Повеќе закони во потесен[14] и поширок[15] контекст се релевантни за борба против пролиферација и ФП во РСМ. Покрај законската регулатива а со цел унапредување на постоечките како и за развој на нови мерки, механизми и инструменти за превенција и сузбивање на пролиферацијата на ОМУ и заштита од ХБРН закани РСМ во 2018 година усвои Националната Стратегија за справување со пролиферацијата на оружје за масовно уништување и заштита од хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарни закани[16]. Стратегијата претставува општа рамка на активности насочени кон превенција и сузбивање на пролиферацијата на оружје за масовно уништување и заштита од ХБРН закани.

**II.3.Институционална рамка**

Национално координативно тело за превенција, намалување на ризиците и заштита од хемиски, биолошки, радијациони и нуклеарни оружја и материјали (Национално ХБРН Тело)има носечка улога во развојот на Стратегијата, како и на Акцискиот план за примена на Стратегијата. Ова тело за прв пат еформирано во 2012 година, а нов национален тим за ХБРН беше формиран во октомври 2021 година. Националното тело за ХБРН има голема улога во развојот и ажурирањето на Стратегијата и Акцискиот план. Во таа насока од големо значење е продолжувањето на соработката со Центрите за извонредност за намалување на хемиските, биолошките, радиолошките и нуклеарните ризици. Делокругот на работата на Националното тело за ХБРН се состои од: координација на надлежните органи инволвирани во предметната област, следење и координација на процесите што произлегуваат од истата област, обезбедување на конзистентност во националните политики на ова поле, следење на имплементацијата на проектните и други релевантни активности чија главна цел е јакнење на целокупниот национален систем, предлагање и иницирање проекти финансирани од меѓународни организации, остварување меѓународна соработка, следење на меѓународните политики од оваа област и давање експертска помош во спроведувањето на националните политики. Националното тело е составено од претставници на: МНР, Министерството за одбрана, МВР, МП, МФ, Министерство за

---

[14]ЗСППФТ; Закон за контрола на извоз на стоки и технологија со двојна употреба; Закон за забрана на развивање производство, складирање и употреба на хемиски оружја; Закон за развој, производство и промет на воени стоки; Закон за меѓународни рестриктивни мерки; КЗ и ЗКП

[15]Закон за управување со кризи, Закон за заштита и спасување, Закон за заштита од јонизирачко зрачење и радијациона сигурност, Закон за оружје, Закон за меѓународна правна соработка во кривичната материја; Царински законик; Закон за Царинската управа; Закон за гранична контрола; Закон за трговија, Одлука за распределба на квоти на стоки за извоз/увоз; Закон за заштита од експлозивни материи; Закон за превоз на опасни материи; Закон за здравствена заштита; Закон за заштита на населението од заразни болести; Закон за јавно здравје; Закон за хемикалии; Закон за забрана на производство, складирање и употреба на хемиско оружје, Закон за противпожарна заштита; Закон за воздушна пловидба и др. подзаконски акти.

[16]Претходно Националниот акционен план 2014-2017 за имплементација на Резолуцијата 1540 на Советот за безбедност на ОН.

здравство, Министерство за економија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за локална самоуправа, Национален координативен центар за гранично управување, Управа за радијациона сигурност, ЦУ, Агенција за храна и ветеринарство, Дирекција за заштита и спасување, Центар за управување со кризи, АНБ, Институт за јавно здравје, АР, Државен инспекторат за животна средина.

Во делот на имплементирање на рестриктивните мерки, врз основа на член 20 став 1 од Законот за рестриктивни мерки, во 2018 година, со одлука на Влада на РСМ, е формирано и Координативно тело за координација и следење на спроведувањето на рестриктивните мерки со основни надлежности за обезбедување на конзистентност, координација и следење во постапката на спроведување на рестриктивните мерки. Координативното тело се состои од Претседател кој е раководно лице од МНР и по еден член од редот на раководни лица од ЈО, МНР, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, МФ, АР, ЦУ, Агенцијата за управување со одземен имот и УФР. Координативното тело одржува периодични состаноци на кои се координира и следи спроведувањето на усвоените рестриктивни мерки.

Во однос на превенција од ФП клучна улога има УФР која е поставена како централен орган и посредник за размена на податоци помеѓу приватниот сектор - субјектите кои согласо ЗСППФТ имаат обврска да превземаат мерки и активности за спречување ФП, и истражните органи.

Во делот на извоз, тргување и брокеринг на стоки и технологии со двојна употреба клучна улога имаат Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба, која е задолжена за издавање на дозволи за извоз на таков вид на стоки, како и ЦУ која врши контрола на сите видови на стоки и технологии кои се извезуваат/увезуваат на/од територијата на РСМ.

## II.4.Национални мерки и активности за намалување на ранливоста од ФП

Значаен сегмент во спречувањето на пролиферацијата на ОМУ е и воведувањето на мерки и активности за спречувањето на нејзиното финансирање. FATF како водечко меѓународно тело за воспоставување на мерки и политики за борба против ФП како главни извори на ризик од ФП ги наведува[17]:

- Ризици од потенцијално прекршување или неимплементирање на таргетираните финансиски санкции;
- Ризици од избегнување и евазија на таргетираните финансиски санкции;

Во насока на намалување на ранливоста и во контекст на прекршување или неимплементирање на таргетираните финансиски санкции и во контекст на намалување на ризиците од избегнување и евазија на таргетираните финансиски санкции РСМ воведе сет на мерки и активности кои имаат значајно влијание во намалување на степенот на ранливост на системот за спречување на ФП.

Со цел избегнување на ризиците од неимплементирање на таргетираните финансиски санкции во РСМ е донесен посебен Закон за рестриктивни мерки[18] (во понатамошниот текст ЗРМ) кој ја уредува постапката за воведување, изменување или престанување на важење на финансиски

[17]FATF Guidance on Proliferation Financing Risk Assessment and Mitigation, стр. 5 и 6
[18] Службен весник на РСМ бр. 190/17

мерки против тероризам и/или пролиферација. Согласно член 2 од ЗРМ, рестриктивни мерки се дефинирани како "мерките кои имаат за цел одржување на меѓународниот мир, безбедноста, почитувањето на човековите права и основните слободи и развојот на демократијата и владеењето на правото кои се воведуваат, изменуваат или престануваат врз основа на:

-правно обврзувачки резолуции на Советот за безбедност на Обединетите нации;

-правни акти на Европската Унија;

-правни акти на други меѓународни организации во кои членува Република

Македонија во согласност со меѓународното право;

-барање од надлежен орган на друга држава за воведување, изменување или престанување на важење на финансиски мерки против тероризам и/или пролиферација или

-други акти согласно со овој закон. "

Согласно член 6 од ЗРМ, рестриктивните мерки се итни и се применуваат без одлагање. Согласно истиот член, Резолуциите на Советот за безбедност на ОН со кои се воведуваат рестриктивни мерки веднаш по нивното усвојување, а најдоцна во рок од 24 часа од усвојувањето се објавуваат на интернет страната на МНР и се применуваат од моментот на нивното објавување од страна на МНР.

РСМ ги применува сите Резолуции донесени од страна на ОН кои се однесуваат на ДНРК и Иран, а како земја кандидат за членство во ЕУ, се придружува и кон примена на сите рестриктивни мерки за ДНРК и Иран кои се донесени од ЕУ преку нивно усвојување со Одлука на Владата. Сите Резолуции донесени од ОН како и сите рестриктивни мерки воведени од ЕУ, а се однесуваат на ДНРК и Иран на систематски начин се објавени на следната веб страната: https://economy.gov.mk/ns-newsarticle-restriktivni-merki.nspx.

Субјектите од ЗСППФТ и Агенцијата за катастар имаат обврска да ги спроведува сите донесени и усвоени финансиски мерки согласно ЗРМ.

УФР, врз основа на член 12 од ЗРМ, изготвува и води ажурирана Консолидирана листа (ги вклучува рестриктивните мерки кои се поврзани со ФТ и ФП усвоени од ОН и ЕУ) и истата ја објавува на својата веб страна. Од декември 2021 година УФР разви и пушти во употреба рестриктивна веб страна која е наменета за субјектите и истата задолжително се користи од нивна страна кога вршат идентификација и анализи на своите клиенти или кога соработуваат со УФР и на истата веб страна се објавува и ажурира Консолидираната листа. Субјектите задолжени за примена на мерки и активности СППФТ и ФП имаат пристап до рестриктивната веб страна преку корисничко име и лозинка кои им се генерирани и одобрени од УФР. Една од целите на креирање на оваа платформа е навремено информирање на субјектите во насока на ефикасно применување спроведување на меѓународните рестриктивни мерки согласно ЗРМ. Дополнително, со цел да им помогне на субјектите да ги спроведат рестриктивните мерки против пролиферација и ФП на ОМУ и да им помогнат да се соочат со различните предизвици на кои може да наидат при исполнувањето на обврските од ЗРМ, УФР изготви „Упатство за постапување по финансиски рестриктивни мерки против тероризам и пролиферација" и истото е објавено и достапно на веб страната на УФР.

При имплементација на финансиските рестриктивни мерки за ФП сите субјекти своето постапување подетално го имаат регулирано со детални интерни политики и процедури согласно ЗРМ, индикаторите и Упатството. Имајќи во предвид дека од сите субјекти банките се со најголема

материјалност во однос на реализиацијa на финансиското работење[19] во продолжение ќе бидат опишани мерките и активностите кои банките ги превземаат во насока на исполнување на обрските согласно ЗРМ за примена на таргетираните финансиски санкции.

Субјектите ги спроведува сите финансиските мерки штом ќе влезат во сила.

Банките користат системи за автоматско следење на трансакциите и лицата за кои се изречени финансиски рестриктивни мерки. Алатката за откривање овозможува идентификација на податоците за клиентот во базата на податоци и во пораката за трансакцијата.

Листите за примена на финансиските рестриктивни мерки автоматски се превземаат од официјалните веб страници на Советот за безбедност на ОН, Советот на ЕУ, УФР и истите се вчитуваат во основниот банкарски систем на банките (кор системот). Превземањето и импортирањето на листите се врши автоматски, на дневна основа.

Скринингот за санкции е контрола што се применува во рамките на банките која има за цел идентификација на санкционирани лица и организации, како и незаконската активност на која може да бидат изложени банките. Тоа е споредба на еден текст/збор со друг/други за откривање сличности што би сугерирале можни совпаѓања. Системот ги споредува податоците добиени од операциите односно клиентската база на банките како што се евиденција на клиенти и трансакции, наспроти списоци со имиња и други показатели за санкционирани лица или ентитети. Генерирањето на предупредување како резултат на процесот на скрининг не е само по себе индикација за санкции и ризик. Тоа е првиот чекор кон откривање на ризик од изложеност на санкции, што може да се потврди со дополнителни информации и проверки за да се оцени дали сличностите во текстот кои се откриваат навистина се совпаѓаат со податоците за санкционираните лица и ентитети. Автоматското следење и скрининг на податоците за лица и ентитети за кои се донесени финансиски рестриктивни мерки се врши со користење на софистицирани софтвери. Скринингот на податоците се врши во реално време, пред воспоставување на деловен однос со субјектот или пред ажурирање на податоците на клиентите, пред вршење на трансакциите во меѓународниот платен промет (кога се работи за девизен прилив односно пред испраќање на трансакцијата од основниот банкарски систем кога се работи за девизно плаќање). Овие софтвери ги откриваат лицата и субјектите чиишто имиња, презимиња, алијаси, називи се идентични или блиски (со одредена разумна стапка на совпаѓање) на елементите за идентификација на определно лице или ентитет. Банките водат сметка уредите за филтрирање да не работат во режим на „апсолутно совпаѓање". Банките ја дефинираат стапката на совпаѓање која ќе може да ги открие различните правописни варијации на елементите за идентификација на определените лица и ентитети, особено ако истите потекнуваат од странски јазици или азбуки. Исто така, се прават и споредби со чисти знаци (без акценти, празнини, црти) или пак на фонетска основа.При појава на одредена тревога за совпаѓање се врши анализа на тревогата чија цел е да се одреди дали лицата или ентитетите откриени во базите односно основниот систем на банките или кои сакаат да воспостават деловен однос со банките се оние кои подлежат на рестриктивни мерки или пак, станува збор за лажен позитив. По добивање известување за тревога, Дирекцијата за контрола на усогласеност со прописите СПП и ФТ во банката веднаш и без одлагање, врши дополнителна проверка дали лицето за кое се појавило одредено совпаѓање навистина се наоѓа на некоја од консолидираните листи односно дали има целосно поклопување на податоците. Вработените во банката до добивање на повратна информација од Дирекцијата за контрола на усогласеност со прописите СПП и ФТ не смеат да

---

[19]Види повеќе во Национална проценка на ризик, ПП/ФТ Риск и Контекст, дел 1.2 Материјалност

извршат било каква трансакција за лицето за кое се врши проверката. Доколку се потврди дека не се работи за лице кое се наоѓа на консолидираните листи, Дирекцијата ја известува филијалата односно вработениот по е-пошта, дека лицето не се наоѓа на консолидираните листи и дека може да продолжи со спроведување на активностите. Во случај Дирекцијата да потврди дека има совпаѓање на физичкото лице или правниот ентитет со некои лицата што се наоѓаат на консолидираните листи, веднаш ја известува филијалата и надлежните дирекции по е-пошта за итно и неодложно замрзнување на имотот на клиентот во банката или за одбивање на деловниот однос.

Банката не смее да изврши никакви трансакции или да отвори сметка на физичко лице или правен ентитет што се наоѓа на консолидираните листи.По донесувањето на рестриктивната мерка, банката ги суспендира сите трансакции на сите сметки на определеното лице во банката и на истите не смеат да се реализираат било какви трансакции, со што сметките на клиентот стануваат неактивни. Се блокираат и другите начини на плаќање на клиентот (на пример, плаќања со картички, чекови, електронско или мобилно плаќање, плаќање преку банкомати ПОС терминали итн.) и не му се издаваат никакви платни инструменти. Банката не е обврзана да ги повлече инструментите за плаќање (на пример платежните картички) но, ќе побара од определеното лице, на пример, по пат на е-пошта, да ги врати инструментите за плаќање со цел да се спречи чекот или бројот на картичката да се искористат за добивање на добра или услуги.

Во период од 2019 до 2023 година од страна на субјектите до УФР не се пријавени позитивни совпаѓања на лица кои се на листите од консолидираната листа со лица кои имаат деловни односи со субјектите во РСМ.

Друг значаен сегмент, покрај примената на рестриктивните мерки, во борбата против ФП е навремено препознавање и идентификување на сомнителни трансакции и активности поврани со ФП од страна на субјектите. Во насока на подобрување на капацитетите на субјектите за препознавање на сомнителни трансакции и активности поврзани со ФП во текот на 2022 година УФР, во соработка со субјектите утврди листа на „Индикатори за финансирање на оружје за масовно уништување (Пролиферација)" со кои на субјектите им се дадени „црвени знаменца" за препознавање на сомнителни трансакции и активности за ФП и од лица кои не се наоѓаат на листите и меѓународните рестриктивни мерки. Во периодот на анализа од страна на субјекти до УФР не се доставени СТР поврзани со ФП на ОМУ и УФР во своите анализи на СТР кои се доставени со сомневања за ПП/ФТ нема утврдено случаи и сомневања поврзани со ФП. Дополнително банките врз основа на свои интерни политики и процедури на спроведување на мерките и активностите согласно ЗСППФТ немаат идентификувано клиенти кои се високоризични од аспект на ФП.

Надзорните органи, УФР и НБРСМ, при вршење на контрола за примена на мерките и активностите за спречување ПП и ФТ  вршат контрола и над спроведувањето на финансиските рестриктивни мерки од страна на банките, како и на останатите субјекти. При вршење на контролите се проверува функционалноста на системот за мониторирање на листите на лица поврзани со ФП како и процедурите за имплементирање на индикаторите поврзани со ФП. Во вршењето на надзор од страна на надзорните тела врз субјектите  задолжени за примена на мерки и активности за СППФТ и ФП во анализираниот период не се утврдени прекршувања во постапувањето по ЗРМ.

### II.5. Стоки и технологии со двојна употреба

#### II.5.1. Комисија за извоз на стоки и технологии со двојна употреба

Условите под кои може да се врши извоз, брокеринг и транзит на стоки и технологии со двојна употреба, надлежноста на државните органи во контролата над извозот, брокерингот и транзитот на стоки и технологии со двојна употреба и правата и обврските на правните и физичките лица кои вршат извоз, трансфер, брокеринг и транзит на стоки и технологии со двојна употреба во РСМ се уредени со Законот за контрола на извоз на стоки и технологија со двојна употреба (во понатомошниот текст: ЗКИСТДУ) и со подзаконските акти донесени врз основа на ЗКИСТ.

Согласно член 4 од ЗКИСТДУ формирана е Комисија за контрола на извоз на стоки и технологии со двојна употреба која е надлежна за разгледување и верификација на барањата за издавање на дозволи за извоз, брокеринг и транзит на стоки и технологи со двојна употреба. Комисијата е составена од претставници (членови и заменици) од Министерството за економија, Министерството за одбрана, МВР, МНР, Генералниот секретаријат на Владата и ЦУ. Комисијата има улога на советодавно тело кое му предлага на министерот за економија да го прифати или одбие барањето за издавање на дозвола за извоз, посредување или транзит на стоки и технологии со двојна употреба. Претседателот на комисијата го избираат членовите на комисијата од своите редови. Со комисијата претседава министерството за економија кое воедно ги извршува и административно техничките работи. Седниците на комисијата се закажуваат од страна на претседателот откако ќе се обезбедат сите потребни мислења по барањето за издавање на дозвола од страна на сите надлежни институции (МО, МВР и МНР). На седницата на Комисијата се дискутира по веќе добиените мислења и направените проценки на ризикот од диверзија кои претходно секое министерство ги прави посебно.  Комисијата води записник за својата работа. Записникот се смета за усвоен ако членовите на комисијата немаат забелешки, односно ако во него се извршени измени согласно усвоените забелешки.Усвојувањето на записникот е по принцип на консензус.

На предлог на комисијата, Владата на РСМ донесува листа на стоки и технологии со двојна употреба која е објавена на веб страна на министерство за економија и која е целосно усогласена со листата на стоки и технологии со двојна употреба донесена во рамки на Европската Унија.

Барањата за извоз и брокерски услуги на стоки и технололии за двојна употреба од страна на правни субјекти се доставува до Комисијата која во строго дефинирана постапка ги разгледува барањата и поднесува предлог до Министерство за економија кое ја издава дозволата за извоз или брокерски услуги. Дозвола за извоз и брокерски услуги е потребна и во случаите кога стоките и технологиите не се опфатени со листа на стоки и технологии со двојна употреба и доколку:

-извозникот или брокерот е известен од страна на надлежен орган дека таа стока или технологија во целина или нејзини делови се или може да се наменат за развој, производство, управување, ракување, одржување, ускладиштување, откривање, препознавање или ширење на хемиско, биолошко или нуклеарно оружје или за развој, производство, одржување и складирање на ракети способни за пренос на такво оружје;

-доколку извозот се врши во земја купувач или земјата со крајна дестинација кон која Советот за безбедност на ООН со обврзувачка резолуција има воведено ембарго за извоз на оружје или со одлука на ОБСЕ или со ембарго за извоз на оружје на ЕУ кон кое Република Македонија се има придружено и

-ако извозникот или брокерот е информиран од страна на надлежен орган дека стоките се или можат да бидат наменети во целост или делумно, за употреба како делови или компоненти од воени стоки.




Комисијата по доставеното барање за извоз и брокерски услуги на стока со двојна употреба одлучува на седници кои, согласно член 12 од Деловникот за работа, редовно се одржуваат три пати во текот на годината, а по потреба или на барање на членовите на комисијата и повеќе пати.

Комисијата согласно член 4 став 7 од ЗКИСТ, еднаш годишно доставува Извештај за својата работа до Владата на РСМ во кој информира за одржаните седници и донесените заклучоци на истите.

По поднесено барање од правно лице до Министерството за економија, барањето заедно со приложената документација се доставува до релевантните институции за да се запознаат со барањето и спроведат проверка на податоците во барањето, поврзано со релевантни бази со кои располагаат. Во процесот на проверка се идентификува стоката, нејзините карактеристики и нејзината употреба, се утврдува на кој контролен режим припаѓа и кои се причините за нејзина контрола, се разгледуваат факторите на ризик поврзани со стоката (нејзината употреба во индустријата за цивилни цели и нејзината употреба за воени цели). Се проверува наведената крајна употреба на стоката во техничка смисла и дали истата е соодветна на активностите на крајниот корисник или пак е несоодветна и предизвикува загриженост за пролиферација.Потоа се разгледуваат факторите на ризик поврзани со извозникот, увозникот и крајниот корисник и крајната дестинација. Се разгледува нивното однесување во минатото односно дали примачот, увозникот и крајниот корисник биле претходно инволвирани во активности на пролиферација на ОМУ.

### II.5.1.1.Побарани и издадени дозволи за извоз на стоки и технологии со двојна употреба

Во анализираниот период од страна на Комисијата издадени се вкупно 72 дозволи за извоз на стоки и технологии за двојна употреба, а 2 барања се одбиени.

Табела бр. 5. Вкупен број на издадени дозволи и одбиени барања по години

| Година | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|
| Издадени дозволи | 10 | 18 | 20 | 11 | 13 |
| Одбиени барања | / | / | 2 | / | / |

Врз основа на анализа на побараните дозволи од страна на правни субјекти до комисијата и издадените решенија од страна на Министерството за економија утврдени се следните податоци:

-Во текот на 2019 година од страна на правни субјекти до комисијата биле поднесени 12 барања за издавање на дозволи за извоз на стоки и технологии со двојна употреба по кои се издадени 10 дозволи за извоз, а 2 барања останале во постапка на одлучување. Сите барања за издавање на дозволи за извоз на стоки и технологии со двојна употреба биле поднесени од едно резидентно правно лице и извозите се вршеле во различни држави (Индија, Русија, Турција, Република Кореја, Кина и Саудијска Арабија). Предмет на извоз се стоки кои биле дел од асортиманот на производство на правното лице. Во постапката за одобрување сите производи детално биле анализирани од страна на Комисијата, прибавени се мислења од сите надлежни министерства и институции и според доставената документација било констатирано дека истите ќе се користат во комерцијални цели и нема повторно да бидат реизвезувани од државата увозник.

-Во текот на 2020 година од страна на правни субјекти до Комисијата биле поднесени 20 барања за издавање на дозволи за извоз на стоки и технологии со двојна употреба по кои се издадени 18 дозволи за извоз, додека 2 барања останале во постапка на одлучување. Најголем дел од барањата за издавање на дозволи за извоз на стоки и технологии со двојна употреба, вкупно 19, биле поднесени од едно резидентво правно лице при што извозите биле спроведувани во различни држави (Холандија, Израел, Индија, САД, Хрватска, Република Кореја, Кина, Германија, Русија, Саудијска Арабија, Турција и Словачка). Предмет на извоз биле стоки кои се дел од асортиманот на производство на правното лице. Во постапката за одобрување сите производи детално биле анализирани од страна на Комисијата, прибавени биле мислења од сите надлежни министерства и институции и според доставената документација било констатирано дека истите ќе се користат во комерцијални цели и нема повторно да бидат реизвезувани од државата увозник.

-Во текот на 2021 година од страна на правни субјекти до комисијата биле поднесени 24 барања за издавање на дозволи за извоз на стоки и технологии со двојна употреба по кои се издадени 20 дозволи за извоз, 2 барања се одбиени додека 2 барања останале во постапка на одлучување. Во текот на 2021 година биле доставени и 9 барања за продолжување на дозволи за извоз на стоки и технологии со двојна употреба и истите биле одобрени. Најголем дел од барањата за издавање на дозволи за извоз на стоки и технологии со двојна употреба, вкупно 23, биле поднесени од едно резидентно правно лице и извозите се вршеле во различни држави (Холандија, Израел, Индија, САД, Полска, Нигерија, Португалија, Кина, Германија, Холандија, Сингапур и Франција,). Предмет на извоз се стоки кои се дел од асортиманот на производство на правното лице. Во постапката за одобрување сите производи детално биле анализирани од страна на Комисијата, прибавени биле мислења од сите надлежни министерства и институции и според доставената документација било констатирано дека истите ќе се користат во комерцијални цели и нема повторно да бидат реизвезувани од државата увозник.

-Во текот на 2021 година 2 барања за издавање на дозволи за извоз на стоки и технологии од страна на комисијата се одговорени со негативно мислење поради утврден ризик од пролиферација.

**Случај 1:** Властите добија барање од правно лице кое не е назначено, а кое ќе добие стоки со кои ќе го олесни производството за цивилни цели. По направената истрага од страна на Комисијата, правното лице беше идентификувано како подружница која има цврсти врски со фирма која е назначена на листи со санкции кои не се од ОН. Причината за назначувањето на фирмата било финансирање за пролиферација. Властите на РСМ се ангажираа со други земји за да ги потврдат овие врски и причината за назначување и, по кореспонденцијата со барателот, открија дека крајниот корисник и дестинацијата на стоката се нејасни. Затоа, дозволата беше одбиена.

**Случај 2**: Слично на случајот 1, властите идентификуваа дека барателот за трговска дозвола е подружница на правно лице кое е назначено на листите за санкции кои не се од ОН. Истрагата откри дека правното лице произведува цивилна и воена стока, но по комуникацијата со правното лице и со други јурисдикции, беше утврдено дека крајната дестинација на стоката не може да се потврди. Поради немањето убеденост во врска со загриженоста за финансирање за пролиферација, дозволата беше одбиена.

-Во текот на 2022 година од страна на правни субјекти до Комисијата биле поднесени 15 барања за издавање на дозволи за извоз на стоки и технологии со двојна употреба по кои се издадени 11 дозволи за извоз, 4 барања останале во постапка на одлучување. Најголем дел од барањата за издавање на дозволи за извоз на стоки и технологии со двојна употреба, вкупно 12, биле поднесени од едно резидентво правно лице и извозите се вршеле во различни држави (Романија, САД, Република Кореја, Турција, Полска, Кина, Индија, Италија и Обединети Араапски Емирати). Предмет на извоз се стоки кои се дел од асортиманот на производство на правното лице. Во постапката за одобрување сите производи детално биле анализирани од страна на комисијата, прибавени биле мислења од сите надлежни министерства и институции и според доставената документација било констатирано дека истите ќе се користат во комерцијални цели и нема повторно да бидат реизвезувани од државата увозник.

-Во текот на 2023 година од страна на правни субјекти до Комисијата биле поднесени 13 барања за издавање на дозволи за извоз на стоки и технологии со двојна употреба по кои се издадени 12 дозволи за извоз, 1 барање останало во постапка на одлучување. Најголем дел од барањата за издавање на дозволи за извоз на стоки и технологии со двојна употреба, вкупно 11, биле поднесени од едно резидентво правно лице и извозите се вршеле во различни држави (САД, Германија, Полска, Турција, Изараел, Нигерија, Кина и Холандија). Предмет на извоз се стоки кои се дел од асортиманот на производство на правното лице. Во постапката за одобрување сите производи детално биле анализирани од страна на комисијата, прибавени биле мислења од сите надлежни министерства и институции и според доставената документација било констатирано дека истите ќе се користат во комерцијални цели и нема повторно да бидат реизвезувани од државата увозник.

### II.5.2.Улогата на ЦУ при извоз на стоки и технологии со двојна употреба

Покрај Комисијата за извоз на стоки и технологии со двојна употреба значајна улога во контрола на извозот на стоки и технологии со двојна употреба има и ЦУ која врши контрола на увоз/извоз и транзит на стоката во патничкиот и стоковиот промет меѓу царинското подрачје на РСМ и странските царински подрачја.

Правен основ за спроведување на контрола на извоз и транзит на стоки и технологии со двојна употреба се одредбите од ЗКИСТДУ со сите измени и дополнувања и подзаконските акти. Согласно ЗКИСТДУ надлежен орган за спроведување на контрола на извоз и транзит на стоки и технологии со двојна употреба е ЦУ преку своите организациони единици - Секторот за акцизи, Секторот за контрола и истраги, Царинарниците и Одделението за нетарифни мерки и заштита на правата од интелектуална сопственост.

Стоките и технологии со двојна употреба кои ги содржат кодовите во листата на стоки и технологии за двојна употреба подлежат на контрола од страна на ЦУ и се врши врз основа на издадена дозвола. За примена на овој закон од страна на ЦУ е изготвено и „Упатството за примена на ЗКИСТДУ", за интерна употреба, со кое се уредуваат предметот, надлежностите и постапките што ги спроведуваат организационите единици во ЦУ при спроведување на контролата за извоз и транзит на стоки и технологии со двојна употреба.

Заради поефикасно спроведување на обврските предвидени во ЗКИСТДУ, во ЦУ, во рамките на Интегрираната тарифна околина (ИТО) постои консултациски модул ТАРИМ – во кој покрај пресметка на царинските и другите давачки што се од суштинско значење за доследна и ефикасна наплата на точни царински давачки и други давачки и спроведување на другите економски мерки постои можност за пребарување и на тарифните и нетарифните мерки по тарифни ознаки во постапките на увоз и извоз. Во ТАРИМ модулот за соодветните тарифни ознаки се интегрирани мерките за контрола со кодовите од Листата на стоки и технологии со двојна употреба.

Во случај на обид за избегнување на тарифна ознака, царинските контроли се вршат врз база на анализа и проценка на ризик со таргетирање на пратки преку системот за анализа на ризик т.н ЕСКОРТ преку кој се имплементираат соодветни профили на ризик за откривање на неправилности.Исто така, постои Систем за анализа на ризик - СИМ - на граничните премини кој го опфаќа некомерцијалниот промет (патници, патнички возила, автобуси, празни товарни возила).Техничките карактеристики наведени во листата се основен предуслов за да се утврди дали за конкретната стока е потребна Дозвола за извоз. При вршењето на контролите царинскиот орган внимателно ги проверува техничките карактеристики според категоризацијата во Листата на стоки и технологии со двојна употреба. Доколку техничките карактеристики одговараат на видот на стоката што се извезува за истата е потребна Дозвола за извоз од Министерството за економија.Системот не дозволува поднесување на царинска декларација со која е декларирана стока со тарифни ознаки во кои се распоредува стока со двојна употреба, без да се декларира соодветна шифра или приложен документ доколку се работи за стока со двојна употреба.При евентуални нејаснотии, електронски може да се консултира Координаторот за извоз на стоки и технологии за двојна употреба на ниво на Царинарница или доколку е потребно со соодветното одделение во ЦУ.

Во анализираниот период 2019-2023 година од страна на ЦУ не се детектирани обиди за извоз на стоки и технологии кои се на листата а за кои не била издадена дозвола за извоз од страна на комисијата. Со цел за поуспешно идентификување на вакви стоки и намалување на можноста за неовластен извоз службениците во ЦУ имаат континуирани домашни и меѓународни обуки со кои ги зајакнуваат нивните човечки капацитети за препознавање на вакви стоки и технологии.

**II. ПРОЦЕНА НА РИЗИКОТ ОД ФП**

Врз основа на анализите на податоците обезбедени врз основа на методологијата од РУСИ, степенот на закани од пролиферација и ФП е оценет како низок врз основа на следните позначителни факти:

- РСМ географски е оддалечена од ДНРК и Иран – држави кои од Советот на безбедност на ОН се утврдени како држави кои неовластено развиваат програми за производство на ОМУ;

-РСМ како држава, физички и правни лица од РСМ, како и финансиски и нефинансиски институции од РСМ не се споменати во Извештаите на Панелот на експерти на ОН како и во типологии и случаи на пролиферација и ФП на други релевантни меѓународни тела;

- постои низок степен на изложеност на РСМ кон ДНРК со оглед на тоа што севкупните односи помеѓу двете држави се без конкретна содржина, немаме трговска размена со ДНРК и не постои друга директна или индиректна изложеност на РСМ од ДНРК или нејзини државјани;

-постои релативно ниско ниво на изложеност на РСМ кон Иран со оглед на тоа што имаме ниско ниво на дипломатски односи со Иран, имаме релативно мала трговска размена со Иран, претежно на стоки кои се за комерцијални употреби и кои не се наоѓаат на листите на стоки и технологии со двојна намена, државјани на Иран се инволвирани во домашни правни лица, но најголем дел од истите се со мала финансиска активност, а правните лица кои имаат поголем обрт на средства се занимаваат со трговија на комерцијални стоки и за истите не постојат податоци дека се инволвирани во меѓународни шеми и типологии на избегнување на санкциите на ОН кои се воведени кон Иран;

-не постојат сознанија и податоци за инволвираност на недржавни актери во случаи на пролиферација и финанирање на пролиферација на ОМУ;

Мал степен на зголемување на инхерентното ниво на закани се должи на фактот што едно правно лице од РСМ има дејност на производство и трговија со стоки и технологии со двојна намена но од друга страна резидуалното ниво на закана е ниско со оглед на тоа што Комисијата за издавање на стоки и технологии со двојна намена за секој извоз на стоки и технологии со двојна намена кое ги врши правното лице врши опсежни проверки со цел утврдување на можности за било каква злоупотреба на овие стоки од страна на крајниот сопственик во развивање и производство на ОМУ или било каков вид на друго оружје.

Утврдено е средно ниското ниво на ранливоста на РСМ за пролиферација и ФП на ОМУ врз основа на следните факти:

-постои конзистентност во политиките РСМ во однос на ставовите дека пролиферацијта на ОМУ претставува една од најголемите закани за светскиот мир и безбедноста и посветеност во донесувањето на мерки и легислатива во насока на намалување на нивото на ранливост на пролиферација и ФП;

-РСМ ги има потпишано и ратификувано најголемиот број на меѓународни документи кои се релевантни за пролиферација и ФП и на национално ниво има донесено закони кои се во насока на заштита и превенција од пролиферација и ФП;

- УФР има развиено рестриктивна веб страна на која се води и ажурира Консолидирана листа на лица кои се санкционирани од страна на ОН и ЕУ и преку истата веб страна субјектите навремено се информираат за секоја промена во листите;

-банките имаат развиено софистицирани софтерски решенија и процедури за препознавање на

лица кои се наоѓаат на санкционите листи;

- постои пониско ниво на свесност кај истражните органи како и кај субјектите за начините и шемите на избегнување на санкциите како и за навремено детектирање и превземање на соодветни мерки за трансакциите поврзани со трговија со стоки и технологии со двојна употреба.

Врз основа на анализа на податоците и врз основа на методологијата од РУСИ ризикот од ФП е проценет како низок. Ваквата оценка се должи на фактот што заканите од пролиферација и ФП во РСМ се проценети како ниски, а степенот на ранливост на системот за спречување на ФП е утврден како средно низок.




## III. ПОСЛЕДИЦИ РИЗИЦИТЕ ОД ФП

Институциите вклучени во системот за СПП/ ФТ се свесни дека ФП претставува сериозен безбедносен ризик со значајни последици по меѓународниот мир и стабилност. Овие активности, често прикриени преку сложени финансиски трансакции, го поткопуваат меѓународниот режим за неширење на оружје и ги заобиколуваат санкциските режими. На економско ниво, државите што не преземаат соодветни мерки можат да се соочат со финансиски санкции, губење на странски инвестиции и нарушување на интегритетот на сопствениот финансиски систем. Политичките

последици вклучуваат дипломатски притисок, нарушени меѓународни односи и ризик од изолација. Правно, неопходно е усогласување со меѓународните стандарди и ефективна имплементација на мерки за спречување ФП. Во спротивно, постои ризик од негативни оценки од тела како ФАТФ, што може да влијае врз кредибилитетот на државата. Иако социјалните последици се индиректни, потенцијалната употреба на оружје за масовно уништување претставува закана за животот, безбедноста и животната средина.

## IV. ПРЕПОРАЧАНИ МЕРКИ ЗА ЕФИКАСНО УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИТЕ ОД ФП

Советот за борба против перење пари и финансирање на тероризам од овој закон врз основа на наодите од извештајот подготвува предлог Национална стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам со акционен план на мерки и активности за намалување и управување со идентификуваните ризици и последици од перење пари и финансирање на тероризам, финансирање на ширење оружје за масовно уништување и други поврзани ризици. Владата на Република Северна Македонија ја донесува Националната стратегија за борба против перење пари и финансирање на тероризам со акциониот план на мерки и активности за период од четири години.